*МИТКО ИЛИЕВСКИ*

# ВИДОВИ ДЕФИНИЦИИ СПОРЕД ПРЕДМЕТОТ НА ДЕФИНИРАЊЕТО

*Абстракт:* Во статијата се анализираат видовите дефиниции според предметот на дефинирањето и нивните односи.

По анализата на мноштвото досега формулирани принципи на делбата на дефиницијата и сообразно на тоа разликувањето на дефинициите, во статијата се застапува гледиштето дека основни принципи на делбата на дефиницијата се: 1) предметот на дефинирањето и 2) методот на дефинирањето.

Критикувајќи ги гледиштата според кои предмет на дефинирањето е или стварта (реална дефиниција) или поимот (концептуална дефиниција) или зборот (номинална дефиниција), авторот ја застапува тезата дека стварта, поимот и зборот се меѓусебно поврзани и решително се спротивставува на гледиштето дека тие се три наполно изделени дефиниции. Од ова гледиште се анализираат реалната и номиналната дефиниција како релативно самостојни видови дефиниции според предметот на дефинирањето.

По анализата на повеќето значења во кои е употребуван терминот „реална дефиниција“ авторот смета дека би било најсоодветно под реална дефиниција да се подразбира суд со кој се објаснува еден поим (како замисла на даден предмет) со помошта на други познати поими.

Од повеќето значења пак во кои е употребуван терминот „номинална дефиниција“ најприфатливи се: 1) објаснување значењето на даден симбол употребуван од определена јазичка заедница (лексичка дефиниција) и 2) воведување ново значење (стипулативна дефиниција).

Во заклучокот посебно внимание му е посветено на односот меѓу реалната и номиналната дефиниција. Наспроти нивното остро спротивставување, прецeнување или потценување на едната или другата, авторот го брани гледиштето дека тие се дијалектички поврзани и претворливи една во друга врз основа на единството на нивните предмети.

Објавено во Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје 1978.

И површниот увид во историјата на теоријата на дефиницијата ќе покаже дека логичарите разликувале повеќе видови дефиниции поаѓајќи од различни принципи на делбата. Меѓутоа, при повнимателната анализа на видовите дефиниции и на принципите на делбата ќе се види дека сепак бројот на принципите на делбата и на видовите дефиниции всушност не е толку голем колку што се чини на прв поглед. Мноштвеноста на дефинициите честопати е резултат на различното именување на едни и исти дефиниции или на замена и поместување на нивните значења.

Написов за свој предмет ја има анализата на принципите на делбата, видовите дефиниции (според предметот на дефинирањето) и нивниот меѓусебен однос.

## I. ПРИНЦИПИ НА ДЕЛБАТА И ВИДОВИ ДЕФИНИЦИИ

При изборот на принципот на делбата на дефиницијата влијаеле повеќе фактори: природата на она што се дефинира, можностите и начините на неговото познание, потребите и барањата на науката и научното истражување, општофилозофската ориентација и субјективните афинитети на одделни логичари спрема одделни научни области.

Најчесто *предметот на дефинирањето* служел како основен принцип на делбата на дефиницијата. Во овој однос историски гледано се оформиле три гледишта: за предмет на дефинирањето е земана или *стварта* (реална дефиниција) или *поимот* (концептуална дефиниција) или *зборот, симболот* (номинална дефиниција). Оние логичари кои признавале само еден предмет на дефиницијата (Лок, Паскал, Кондијак, Жергон, Рајнхебах и др.) не ја делеле дефиницијата на видови, што е сосема разбирливо. Оние пак кои ги признавале сите три гореспоменати предмети на дефиницијата (на пр. Фендер) говорат за три вида дефиниции (реална, концептуална и номинална).

Еве кратка историска информација за карактеристичните делби на дефиницијата според предметот на дефинирањето.

Веќе Аристотел разликува реална и номинална дефиниција. Првата се однесува на суштината на стварта, а втората на имињата, изразите. Меѓутоа, не е наполно јасно дали нив Аристотел ги разгледува како членови на делбата, зашто во некои текстови тој номиналната дефиниција не ја смета за вистинска дефиниција, туку за заменик на реалната (1,333,337).*

Во средниот век веќе експлицитно се говори за два вида дефиниции: 1) реална (diffinitio quid rei) и 2) номинална (diffinitio quid nominis). Иако значењата на овие дефиниции се менувале, оваа делба продолжила да се одржува до нашите дни (Лајбниц, Кант, Камински, Коен и Нејгел, Строгович, Петрониевиќ, Шешиќ и др.).

Дубислав разликува четири вида дефиниции според предметот на дефинирањето: 1) дефиниција на ствари (Sacherklärung), 2) дефи-

---

* Првата бројка го означува редниот број, а другите — страниците на делото од приложениот список „Цитирана литература".

ниција на поими (Begriffskonstruction, Begriffszergliederung), 3) дефиниција што го утврдува значењето што еден израз го има и 4) дефиниција што го установува значењето на новововеден термин (6,2).

Локсиј е против тоа да се говори за реална и номинална дефиниција, туку за хипотетичка и категоричка (14,125), поаѓајќи од тоа дали дефиницијата се однесува на даден предмет (категоричка) или на предмет како претпоставка (хипотетичка).

Мошне познатиот теоретичар на дефиницијата Робсон според целта на дефинирањето разликува два основни вида дефиниции: номинална и реална. Реалната е ствар-ствар (thing-thing) дефиниција, а номиналната се јавува во два основни вида: збор-збор (word-word) и збор-ствар (word-hing) дефиниција (24,18).

Според семантичката структура Михаило Марковиќ разликува четири основни видови дефиниции: 1) номинална (симбол-симбол), 2) концептуална (симбол-диспозиција за едно психичко доживување), 3) реална (симбол-објект) и 4) операционална (симбол-ефект на некои собир од практични операции) (17,411—412).

Втор основен принцип на делбата е *методот на дефинирањето*. Него експлицитно го формулира Робинсон, а по него го прифаќаат и другите логичари. Не впуштајќи се во опстојно разгледување на делбите на дефиницијата според овој принцип, ќе ги спомнеме само следниве видови дефиниции: аналитичка, синтетичка, генетичка, релациона, денотативна, операционална.

Покрај спомнативе два основни принципа на делбата во теоријата на дефиницијата се познати и други, меѓу кои покарактеристични се следниве два: *дали дефинирањето се врши директно или индиректно и дали дефинирањето се врши со помош на зборови, симболи или пак на друг начин.*

На Жергон му припаѓа заслугата за делбата на дефиницијата на експлицитна (кога дефинирањето на зборот се врзи директно) и имплицитна (кога дефинирањето се врши индиректно, во контекстот). Притоа Жергон се надоврзува на обидите за контекстовно дефинирање на зборовите кај неговите претходници Хобс, Лок и Лајбниц. Имплицитната дефиниција е прифатена од многу логичари, особено при изградбата на аксиоматските системи за дефинирање на примитивните поими. Така, таа е позната под различни имиња: контекстовна (Ајдукевиќ), индиректна (Камински), употребна (Расел, Рајхенбах и др).

Позната е и делбата на дефиницијата на *вербална* (со помош на зборови) и *невербална* (со покажување, гестови). Последнава почесто е наречувана *остенсивна* (ostensive) или *демонстративна.*

Бидејќи нас овде нè интересираат видовите дефиниции според предметот на дефинирањето, ќе се апстрахираме од другите принципи на делбата и од видовите дефиниции добиени според нив.

Ако ги разгледаме приведените делби на дефиницијата според предметот на дефинирањето, лесно можеме да утврдиме дека главно се работи за три основни видови дефиниции: реална, концептуална и номинална. Делбата на дефиницијата на реална и номинална ја сре-

ќаваме кај Аристотел, во средниот век, кај Лајбниц, Кант, Камински, Коен и Нејгел, Петрониевиќ, кај марксистите: Строгович, Шешиќ и др. Кај Фендер, Дубислав и М. Марковиќ ја среќаваме делбата на дефиницијата на реална, концептуална и номинална. Кај Дубислава всушност дефинициите под 3 и 4 се видови на номиналната, а кај Марковиќ дефиницијата под 4 всушност е вид на дефиниција според методот на дефинирање.

Основа за ваквата делба на дефиницијата е релацијата *ствар-поим-збор* или поинаку *ствар — замисла на стварта — јазичен израз на замислата на стварта*. Секој одделен член од оваа релација историски различно се сфаќал, па главно отаде и произлегуваат разликите во сфаќањето на дефиницијата и на нејзината делба. Стварта е сфаќана како нешто неразвојно (метафизички материјализам) или како идеален ентитет (објективен идеализам) или како метафизичка супстанција (позитивизам). Поимот пак е третиран како објективно постоен ентитет (објективизам), како априорна субјективна форма (критицизам), како претстава (психологизам), како слика, копија (вулгарен материјализам), или е сведуван на зборот (номинализам). Не помалку различно е сфаќано значењето на зборот во синтактичката, функционалистичката, бихевиуристичката, прагматистичката, концептуалистичката и реалистичките теории.

Се чини дека од марксистички позиции члeновите на релацијата предмет-поим-збор треба да се разгледуваат од аспектот на нивното единство. Во дефиницијата едновремено се определува и предметот и поимот за предметот и зборот, симболот како јазичен израз на поимот. Отаде и не може да се говори за некакви наполно самостојни и независни еден од друг предмети на дефиницијата, следствено, ни за наполно изделени, независни видови дефиниции според предметот на дефинирањето. Со други зборови, може да се говори само за релативно самостојни видови дефиниции.

Според предметот на дефинирањето дефиницијата би можеле да ја поделиме на реална и номинална, како што впрочем таа и досега е делена. Но овде се потребни извесни дообјаснувања и прецизирања. Предмет на реалната дефиниција, според нашето мислење, би биле поимите како замисли на предметите, а не самите предмети, ствари. Всушност ние секогаш ги дефинираме нашите знаења за предметите, кои знаења можат да бидат повеќе или помалку адекватни на самите предмети. Овде, значи, поимите не ги сфаќаме како празни, несодржински мисловни форми (Кант) туку како мисли (замисли за предметите. Изразот „реална“ (дефиниција) е задржан за да се укаже на предметната интенционалност на поимите.

Предмет на номиналната дефиниција се зборовите, симболите, или поточно, значењата на зборовите (симболите). Во теоријата на значењето последново се разгледува како повеќедимензионално (ментална, предметна, јазична, практична, експресивна и др. димензија).

Поопстојно за овие два вида дефиниции и за нивниот меѓусебен однос ќе стане збор понатаму.

## II. РЕАЛНА ДЕФИНИЦИЈА

Терминот „реална дефиниција" во историскиот развој на теоријата на дефиницијата добивал повеќе значења. Нкои од нив се блиски, додека други се прилично оддалечени.

1. Реалната дефиниција е *„дефиниција на стварта"* или поточно *„дефиниција на суштината на стварта"*, *„природата на стварта"*. Ова гледиште потекнува од Аристотела и се задржало до нашите дни со помали или поголеми измени. Претпоставка за ваквото сфаакње е постоењето на објективни ентитети (кои различно се сфаќаат), кои можат да се зафатат со дефиницијата. Значи, дефиницијата е одговор на прашањето: „Што е дадена ствар?" („Што е *x?*"), вели Робинсон (24,16).

2. Реалната дефиниција *се однесува на поимот*. Така ја сфаќа реалната дефиниција Кант, за кого поимите не се замисли на предметите, туку празни, несодржински априорни форми. За Петрониевиќ реалната дефиниција „се однсува на самиот поим" како замисла на некој предмет (22,135), а за Б. Марковиќ таа е вистинска дефиниција, зашто „поблиску ја определува самата содржина" на поимот (16,66). Слично мислат и мнозина марксистички логичари (Асмус, Горскиј, Шешиќ, Г. Петровиќ и др.) било да го сфаќаат поимот како одраз или замисла на предметот.

3. Реалната дефиниција *се однесува на релацијата „симбол-објект"* (Михаило Марковиќ). Според М. Марковиќ дефиниендумот кај реалната дефиниција не е ни стварта ни поимот, туку симболот, а дефиниенсот е „собир од зборови што опишуваат еден објект", а не гледиште е слично на Робинсоновото сфаќање на номиналната зборнеопределените категории „суштина", „природа" и др. (17,412). Ова ствар (word-thing) дефиниција (24,20—34).

4. Реалната дефиниција е *дефиниција на зборот (симболот)* во предметна стилизација. Ако значењето на зборот се сфати во предметна стилизација, т.е. дека се однесува на објективно постојни предмети, тогаш во суштина се работи за реална дефиниција. Иако и Хобс и Мил ја отфрлаат реалната дефиниција во корист на номиналната, последнава тие ја сфаќаат во предметна стилизација. Слично е и гледиштето на Жергон кога тој под дефиниции на стварите (definitions des choses) подразбира дефиниции што ја толкуваат смислата на зборот во неговата секојдневна употреба (11,46).

5. За реалната дефиниција е карактеристично што го *тврди постоењето на десигнатот на дефиниендумот*, смета Сакери (11,43; 5,75).

6. Реалната дефиниција ја *искажува целата природа на стварта* смета В. Окам. Неегзистентното (химерите) како и некои зборови (глаголи, предлози, сврзници) не можат да имаат реални, туку само номинални дефиниции.

7. Според Лајбниц за реалната дефиниција е карактеристично *инволвирањето можноста на она што се дефинира* (обична реална) за разлика од реалната причинска кај која се работи за *предмет што може да се конструира* (11,43).

8. Реалните дефиниции се *аксиоми или примитивни пропозиции во кои предметот се дефинира имплицитно.* Така се определуваат реалните дефиниции во аксиоматските системи. Според Коен и Најгел „во техниката на модерната математика сите реални дефиниции се имплицитни“ (3,232). За Артур Пап тоа е употребна дефиниција (20,486), а според Сушко реалните дефиниции се псевдодефиниции или дефиниции преку постулати што треба да го задоволат само условот на непротивречност (29,55).

Споменатите значења придавани на реалната дефиниција не наполно се согласуваат со нашето сфаќање. Првото значење е зафатено, од нашето сфаќање во една модифицирана форма. Имено, стварта, суштината на стварта е предмет на дефиницијата не непосредно, туку со посредувањето на поимите како замисли на преметите. Второто значење на реалната дефиниција е прифатливо до колку поимите се интерпретираат како замисли на предметите. Третото значење не е прифатливо, зашто дефиниендумот се определува како симбол, а не поим. Ако значењето на зборот, според четвртото значење, се сфаќа како замисла на предметот (поим), тогаш не постои суштинска разлика меѓу така сфатената номинална дефиниција и нашето сфаќање на реалната дефиниција. Петтото значење е вклучено во нашето значење на реалната дефиниција. Гледиштето на В. Окам не е наполно прифатливо, зашто ни една дефиниција не може да ја искаже целата природа на стварта. Седмото значење е вклучено во нашето значење на реалната дефиниција. Сфаќањето на реалните дефиниции како аксиоми во аксиоматските системи не е наполно прифатливо, зашто не можат сите реални дефиниции да се третираат како аксиоми.

Следствено, реалната дефиниција може да се определи како суд во кој се објаснува еден поим како замисла на некој предмет со *суд во кој се објаснува еден поим како замисла на некој предмет со помошта на други познати поими.*

## ДЕЛБА НА РЕАЛНАТА ДЕФИНИЦИЈА

Прва делба на реалната дефиниција на *суштинска* и *дескриптивна* среќаваме кај средновековните логичари. Суштинската (essentialis или quidditativa) дефиниција ја изразува суштината на стварта, а таа суштина е или метафизичка или физичка. Суштинската се смета од нив за вистинска дефиниција. Описната (descriptiva) дефиниција ја презентира стварта преку нејзините ознаки. А тоа се или сопствени својства или акцидентални или преку резултатите. За разлика од суштинската описна дефиниција е дефиниција во широка смисла (11,42). Во средните векови се среќава и делбата на реалната дефиницијата се однесува на формалната (суштинската) причина или пак на цијата се однесува на Формалната (суштинската) причина или пак на некоја друга надворешна причина. Блиска на овие делби е и онаа на Викторин на *супстанцијална* (def. secundum substantiam) и *акциоденталнa* (def. secundum accidens, que deckriptio nominatur) (1к,42).

Во логиката на Порт-Ројал реалната дефиниција се дели на *точна* (ја објаснува природата на стварта со наведување на суштински ознаки) и *помалку точна* или *дескрипција* (ги зафаќа акциденталните својства на стварта) (11,48).

Делба на реалната дефиниција на *експликативна* и *дескриптивна* среќаваме кај нашите логичари Петрониевиќ и Шешиќ. Според Петрониевиќ „*Експликативната* дефиниција води сметка за рангот на ознаките и заради тоа претставува вистинска дефиниција" (22,135), а „*дескриптивната* дефиниција се состои во простото набројување на ознаките на еден поим без обѕир на нивниот ранг" (22,135). Како што се гледа, Петрониевиќ го употребува изразот „експликативна" во значење на „суштинска".

Шешиќ им се спротивставува на гледиштата што остро ги разграничуваат овие два вида дефиниции, повикувајќи се на ставот дека „разликата меѓу суштината и појавата не е апсолутна". „Дефиницијата стварно може да биде помалку или повеќе дескриптивна, односно повеќе или помалку суштинска" ... „до колку со дефиницијата се определуваат битните, суштинските одредби на предметот, таа е суштинска, а до колку предметите се дефинираат врз основа на нивните појавни моменти дефинициите се појавни. Дефиницијата во основата е појавна до колку со неа се набројуваат тамо надворешните особини на предметот" (30,130). Според него „суштинска дефиниција е секоја сестрана дијалектичка дефиниција" (30,130).

Погоре веќе ја споменавме Лајбницовата делба на реалната дефиниција на *обична реална* (за можен предмет) и *(реална причинска* (ако предметот може да се конструира). Во таа смисла Камински говори за *аналитичка* (за даден предмет) и *синтетичка* (за предмет што допрва ќе биде конструиран) (11,52).

Да резимираме. Оние логичари што сметаат дека определивоста на предметот е можна било преку укажувањето на неговите суштествени својства или преку несуштествените својства говорат за *суштинска* (супстанцијална, формална, експликативна), односно за *дескриптивна* (акциденталда, појавна, материјална) дефиниција. Оние логичари пак кои на предметот му приоѓаат од аспектот на неговата даденост или можност за конструирање, говорат за *аналитичка* (обична реална, дефиниција на даден предмет), односно за *синтетичка* (реална причинска, дефиниција а конструирлив предмет) дефиниција.

Бидејќи втората делба на реалната дефиниција се однесува повеќе на методот на дефинирањето, ние овде ќе се апстрахираме од неа. Делбата на реалната дефиниција на суштинска и дескриптивна за нас е прифатлива од аспектот дали преку поимите се зафаќаат суштествените или помалку суштествените својства на предметот, дали се зафаќа самиот предмет или пак неговите релации со други предмети итн.

*Суштинската дефиниција* настојува преку поимот да ја зафати суштината на предметот, т.е. релативно константната внатрешна структуираност на предметот. Секој предмет е единство на општото, посебното и единечното, основата на кое е општата, посебната и единечната структурираност на предметот. Така, суштината се јавува како

нешто релативно константно, непроменливо за разлика од појавата која е флуидна променлива, нестабилна. Бидејќи предметите се поликвалитетни, постои рангирање и меѓу нив. Отаде и не може строго да се одделува суштината од појавата, општото од единечното, нужното од случајното итн.

Зафаќањето суштината на предметот (преку поимот) е основа задача на дефиницијата. Таа ја извршува оваа задача повеќе или помалку успешно во зависност од тоа колку науката успеала да го запознае предметот. Од тоа како ја извршува оваа задача зависи и нејзината познавателна вредност.

Научниците постојано се обидуваат да дадат суштински дефиниции за предметите што ги проучуваат, да одговорат на прашањето од типот: „Што е x?". Во таа смисла економистот се обидува да одговори на прашањето — што е стоката, физичарот — што е масата, хемичарот — што е хемискиот елемент, биологот — што е клетката итн.

*Дескриптивната дефиниција* повеќе ја зафаќа надворешната, појавната страна на предметот. До колку појавата поадекватно ја изразува суштината, до толку дескриптивната дефиниција преминува во суштинска. Всушност, во секоја дескриптивна дефиниција има елементи на суштинската, зашто секоја појава во помала или поголема мерка, на овој или оној начин, ја изразува суштината.

Научниците обично прибегнуваат кон дескриптивни дефиниции кога не успеале доволно да ја познаат (разберат) суштината на проучуваните предмети. Во тие случаи тие се служат со дескрипции на надворешните, индивидуалните својства на предметот, на неговите релации со другите предмети итн.

Од овој аспект не се прифатливи гледиштата дека не треба да се говори за дескриптивни дефиниции. Иако сите дескрипции не се дефиниции (оние што не го задоволуваат условот — предметот да може доволно да се познае и разграничи од нему сродните предмети), иако дескриптивните дефиниции имаат помала познавателна вредност од суштинските, тоа не е доволна причина тие да се отфрлат.

## III. НОМИНАЛНА ДЕФИНИЦИЈА

И терминот „номинална дефиниција" се употребува во повеќе значења. Да ги наведеме основните негови значења.

1. Номиналната дефиниција е *етимолошка определба на зборот*. Морин во „Речникот на филозофијата и на теологијата схоластичка" ја определува номиналната дефиниција како „oratio quae originem, seu interpretationem et etymologiam nominis explicat (13,1258). И авторите на Логиката на Порт-Ројал сметале дека понекогаш номиналната дефиниција ја дава етимологијата на зборот (13,1259). Ова гледиште го прифаќаат унгарскиот логичар Фогараши (7,207) и нашите логичари Петрониевиќ (22,135) и Шешиќ, за кого „единствено етимолошката дефиниција на зборот е номинална" (30,130).

2. Номиналната дефиниција е *определување на еден збор со други зборови.* Нејзина структура е *збор-збор* (симбол-симбол). „Збор-збор дефиницијата“, според Робинсон, „кажува дека еден збор значи исто што и друг збор“ (24,16). И понатаму: „Ако некој, на пример, ви каже дека германскиот збор „rot“ значи исто што и францускиот збор „rouge“, а вие не знаете на што се однесува ниеден од нив, тоа е збор-збор дефиниција“ (24,17). За М. Марковиќ номиналната дефиниција е „симбол-симбол“, дефиниција, каде и дефиниендумот и дефиниенсот се симболи, а меѓу нив постои однос на еквивалентност (17,412). На пример: „Црвено“ е „rouge“. Терминот „е“ ја изразува релацијата на синонимност, односно преведливост (ако се работи за изрази од различни јазици) 17,411).

3. Номиналната дефиниција е *збор-ствар дефиниција.* Ова гледиште го застапува Робинсон, а по него Кларк и Велш (2,174). Робинсон: „Збор-ствар дефиницијата го доведува зборот во корелација со стварта, како значење на таа ствар“ (24,17). Кај збор-збор дефиницијата не се знае значењето на двата термина „rot“, „rouge“), додека кај збор-ствар дефиницијата не се знае значењето на дефиниендумот. Всушност овде се работи за третирање на номиналната дефиниција во предметна стилизација.

4. Номиналната дефиниција е *арбитрорно воведување во јазикот на нов израз како заменител или кратенка на посложен израз.* Ваквото сфаќање на номиналната дефиниција особено е раширено во математиката и симболичката логика. Инаку зачетоци на ова сваќање среќаваме во Логиката на Порт-Ројал и кај Жергон. Уајтхед и Расел во Principia Mathematica на следниов начин ја определуваат дефиницијата: „Дефиницијата е изјава дека извесен новововеден симбол или комбинација од симболи има да значи исто што и извесна друга комбинација од симболи чие значење е веќе познато“ (31,11). Таквите дефиниции за Рајхенбах се метајазични (23,20), за Сушко — дефиниции во вистинска смисла на зборот (29,31), за Ч'рч — синтактични или номинални (5,74), за С. Стебинг — симболички конвенции (27,280), за Артур Пап — арбитрарни стипулации (21,33). Горскиј донекаде поинаку ја дефинира номиналната дефиниција кога вели дека со неа се *„воведува нов термин наместо опис на кој и да е предмет“* (8,72). Шишиќ нив ги наречува „типично номинални дефиниции“ (30,130).

5. Покрај овие раширени значења на номиналната дефиниција во литературата далеку поретко се среќаваат и поинакви. Така, за Зигварт номиналната дефиниција се однесува на поими (26,385). Такво е гледиштето и на Килпе (12,206). Според Лајбниц пак номиналните дефиниции само дозволуваат еден објект да се дистингвира од другите (13,1259).

Ако тргнеме од стојалиштето дека некои дефиниции првенствено се однесуваат на зборовите, симболите, на нивната јазична функција, и ако нив ги наречеме номинални дефиниции, тогаш некои од наведените значења би можеле да се прифатат како значење на номиналната дефиниција. Овде првенствено мислиме на значењата под „2“ и „4“. Во првиот случај се работи за таканаречена речничка (лексичка), а во вториот за стипулативна (нормативна, легислативна) де-

финиција. Етимолошката дефиниција влегува во речничката, како нејзин посебен случај. Сфаќањето на номиналната дефиниција како збор-ствар дефиниција е неприфатливо заради а) обидот реалната дефиниција да се измести со номиналната и б) затоа што ова гледиште во основата е позитивистичко, номиналистичко, зашто ги негира поимите непосредно корелирајќи ги зборовите со стварите.

## ДЕЛБА НА НОМИНАЛНАТА ДЕФИНИЦИЈА

Хоба, сфаќајќи ја номиналната дефиниција во предметна стилизација, разликува номинална дефиниција што ја дава *самата природа на предметот* и номинална дефиниција што ја *објаснува причината на предметот,* начинот на неговото настанување (11,43).

Жергон номиналната дефиниција ја дели на *комплетна* (полна) и *некомплетна* (неполна). Комплетната ја дава полната конститутивна содржина на дефиниендумот, додека некомплетната не ја дава содржината на дефиниендумот, но затоа укажува на десигнатите на изразот што овозможува разграничување на предметите што потпаѓаат под тој израз од оние што не потпаѓаат (11,47—48). Слично гледиште застапува и Мил.

Во современата логичка литература мошне раширена е делбата на номиналната дефиниција на *речничка* (лексичка) и *стипулативна* (легислативна, нормативна).

Робинсон најнапред ја дели номиналната дефиниција на *збор-збор дефиниција* и *збор-ствар дефиниција,* а потоа последнава ја дели на *лексичка и стипулативна.* Според него лексичката дефиниција известува „за вообичаеното или речничкото значење на зборот" додека стипулативната установува или прогласува или избира едно сопствено значење на зборот (24,19). Неговите следбеници Кларк и Велш директно ја делат номиналната дефиниција на лексичка и стипулативна (2,175). Копи, покрај лексичката и стипулативната, говори и за прецизирачка ((precising) и теоретска дефиниција (4, 93—100). Кај нас М. Марковиќ, исто така, разликува лексичка (дескриктивна) и нормативна (постулатска, убедувачка, стипулативна) дефиниција со оглед на односот на дефинициите спрема постојаната јазична практика (17, -12—413). Дефиницијата на изрази Камински ја дели на аналитичка (sprawozdawcza) и синтетичка (projektujaca). Првата го установува значењето што еден израз го иема (и одговара на лексичка дефиниција), а втората го установува значењето на новововеден термин (и одговара на стипулативната дефиниција) (11,52).

Како што се гледа, номиналната дефиниција главно се дели врз основа на три принципи на делбата: 1) дали дефиницијата се однесува на значењето што еден израз го има или пак на установувањето на значењето на новововеден термин, 2) дали дефиницијата се однесува на конотацијата на изразот или на неговата денотација и 3) дали дефиницијата се однесува на самата природа на дефинираниот предмет (на суштинските ознаки) или на неговите акцидентални ознаки. Бидејќи вториот и третиот принцип на делбата се повеќе карактерис-

тични и соодветни за реалната дефиниција, овде ќе ја разледаме само делбата на номиналната дефиниција според првиот принцип.

Врз основа на делбата според првиот принцип се добиени *речничката* и *стипулативната* дефиниција. Речничката дефиниција се именува уште како лексичка, дескриптивна и аналитичка, а стипулативната — легислативна, нормативна, убедувачка („persuasive"), постулатска и синтетичка.

*Речничка дефиниција*. Со неа се дефинираат изразите кои веќе имаат свое значење усвоено од определена јазична заедница (групи луѓе, слоеви, класи).

По својата структура речничката дефиниција е збор-збор (симбол- симбол) дефиниција, што значи дека и дефиниендумот и дефиниенсот се зборови (симболи). Односот меѓу нив изразен со дефиницискиот сврзник („е", „значи" итн.) е однос на еквивалентност. Кај изразите во рамките на еден јазик тоа е синонимност, а кај изразите на два или повеќе јазици — преведливост.

Овие дефиниции најмногу се среќаваат во речниците (еднојазични или повеќејазични). Составувачите на речениците до нив доаѓаат анализирајќи ја актуелната употреба на зборовите, а потоа по пат на селекција одбираат извесни значења на кои им даваат приоритет. Притоа обично се претпочитаат оние значења што се среќаваат кај извесни писатели, научници или посебни општествени слоеви. Тие се фиксираат во речниците и се настојува да се усвојат како основни значења при изградбата на литературниот јазик. Така речниците не се јавуваат само како историја на сите употреби на еден збор, туку донекаде добиваат и карактер на нормативни дефиниции.

Но не само во речниците, тие се среќаваат и во другите области од човековиот живот — во научните дискусии, во обичниот живот, во наставата итн.

*Стипулативна дефиниција*. Со неа се установува какво значење ќе има извесен јазичен израз (симбол). Стипулативната дефиниција е предлог, решение, молба, барање, наредба како да се употребува во иднина еден симбол, односно какво значење ќе има тој во идната употреба.

Стипулативната дефиниција се употребува во повеќе случаи: 1) за воведување нов симбол со ново значење, 2) за избор на едно значење од повеќето значења на еден јазичен израз, 3) за придавање на ново значење на стар, познат симбол, 4) за воведување на симбол како кратенка или заменител на посложен симбол итн.

Поради нејзиното значење за ефективната комуникација меѓу луѓето таа се квалифицира како творечка дефиниција за разлика од речничката која просто ја дескрибира актуелната јазичка употреба на симболите.

## IV. ОДНОСОТ МЕЃУ РЕАЛНАТА И НОМИНАЛНАТА ДЕФИНИЦИЈА

При определувањето на односот меѓу реалната и номиналната дефиниција се среќаваат две екстремни гледишта. Додека некои приврзаници на реалната дефиниција ја негираат или потценуваат номиналната дефиниција, од друга страна пак некои приврзаници на номиналната дефиниција имаат таков однос спрема реалната дефиниција,

Аристотел и неговите следбеници од средниот век многу не ја ценеле номиналната дефиниција, зашто со неа не може да се определи суштината на стварта.

И мнозина понови логичари не ја ценат многу номиналната дефиниција. Според Хефлер номиалната дефиниција е „дефиниција во посредна смисла“ (10,45). Строгович неа ја сместува во „логичките форми слични на дефиницијата“ (28,117), а Фогараши смета дека „номиналната дефиниција, право говорејќи, нема никаков научен карактер“ (7,207).

Да ги спомнеме ставовите и на некои приврзаници на номиналната дефиниција. Мил отворено се обидува да докаже дека не постојат реални дефиниции. Реалната дефиниција, вели тој, е извор на опскурност (18,102), зашто ниедна дефиниција нема за цел да ја открие природата на стварта, а и нема критериум со чија помош би се разграничила реалната дефиниција од другите пропозиции за стварите (18,103).

Сличен однос се среќава и кај мнозина современи логичари. За Огден и Ричардс дефиницијата е супституција на симболи, а со стварите таква суптитуција е неможна (19,110). Робинсон на повеќе од 40 страници, во својата монографија за дефиницијата, ја побива реалната дефиниција (24,149—192), а неговите следбеници Кларк и Велш го делат неговото мислење, изјавувајќи: „Грешка е да се говори за дефинирање на ствари“, зашто „прашањето во формата — „што е *x?*“, бидејќи е нејасно, допушта мноштво можни одговори“ (2, 173). И Хосперс мисли дека не постојат реални дефиниции, зашто она што се дефинира секогаш е зборот или фразата — симболот (9,54).

Но за нас се далеку поинтересни гледиштата кои укажуваат на поврзаноста, единството меѓу реалната и номиналната дефиниција, Херман Лоце му се спротивставува на острото разграничување на овие два вида дефиниции. Подвлекувајќи ја нивната поврзаност тој дури укажува дека тие понекогаш означуваат исто (15,202). Така тој истакнува дека „за една геометриска дефиниција не постои никаква реална дефиниција што би се разликувала од номиналната; секоја вистинска дефиниција што ја даваме ја изразува едновремено и целата природа на она што овде е ствар и целото значење на името“ (15,202). Лоскиј подвлекува дека едната од овие дефиниции ја имплицира другата, дека дефинирањето на поимот имплицира дефинирање на името и обратно (14,125). Коен и Најгел сметаат дека „практично дистинкцијата (меѓу вербалната и реалната дефиниција — М. И.) никогаш не е така остра и дури во дефинициите кои изгледаат наполно вербални постои општо повикување на анализата на она што зборот го заменува“ (3,232).

Од логичарите-марксисти на оваа поврзаност укажуваат Горскиј и Шешиќ. Како аргумент за паврзаноста меѓу овие два вида дефиниции Горскиј ја истакнува претворливоста на едната во другата. Номиналната дефиниција: „Колебањата чијашто амплитуда (и соодветно енергија) се намалува во текот на времето ние ќе *наречуваме* гаснечки колебања“, што може да се преобрази во реална дефиниција:

„Гаснечки колебања *се* колебања чијашто намплитуда (и соодветно енергија) се намалува со текот на времето“ (8,73). Шешиќ нераздел-ната поврзаност меѓу реалната и номиналната дефиниција ја гледа во тоа што при дефинирањето на стварта се дефинира и поимот и зборот, како што при дефинирањето на зборот се дефинира и стварта и поимот (30,130).

Колку е тешко да се одречува поврзаноста меѓу реалната и номиналната дефиниција, покрај другото, покажува тешкотијата во која попаднаа противниците на реалната дефиниција Мил и Робинсон. Мил, од дена страна, тврди дека ниедна дефиниција немала намера „да ја објасни и открие природата на стварта“ (18,103), од друга страна, признава дека има изрази кои се „дефиниција и нешто повеќе“, а тоа повеќе, според него, е тоа што тие тврдат постоење на еден факт (18,103—104). И Мил, консеквентен на својата позиција, го решава прашањето на тој начин што тврди дека тој дел од исказот не е дефиниција. Робинсон се најде побуден да го поправа Мил, пишувајќи: „Тој не забележал дека практично е невозможно да се направи или добие збор-ствар дефиниција без да се има мислење за езгистенцијата на објектот придодаден на зборот со дефиницијата“ (24,64). Логично е што Робинсон од позициите на збор-ствар дефиницијата го поправа Мила. Меѓутоа, ни тој не отиде многу подалеку од Мила, зашто му пречеше одречувањето на реалната дефиниција.

За поврзаност меѓу реалната и номиналната дефиниција, односно за релативна самостојност на едната или другата, може да се говори само ако постои поврзаност, односно релативна самостојност на нивните предмети. Негативно речено, спротивставувањето на овие два вида дефиниции логички е оправдано ако се работи за нивни наполно различни предмети.

Како што веќе рековме, предмет на реалната дефиниција е поимот како замисла на предметот, а на номиналната — зборот, значењето на зборот (симболот). Значи, се работи за релацијата поим-збор, замисла на предметот — значење на зборот. Поимот не е никаква празна, несодржинска мисловна форма, туку секогаш замисла на секој предмет. Во случајов е ирелевантно дали поимот е адекватна замисла на предметот, дали го исцрпува предметот итн. Но мислата, свеста воопшто, не може да постои без својата материјална облека, без јазикот или да се изразиме со Марксовите зборови: „Духот“ од почетокот го носи на себе проклетството да биде „опфатен“ со материја“ — јазикот кој“ и *е* практична, стварна свест“. . . (32,297). Накратко, нема поим без свој јазичен израз како што нема ни збор, симбол без значење. А значењето, покрај другите свои димензии, има и ментална и предметна димензија. Токму таа поврзаност на предметите ја овозможува поврзаноста и претворливоста на овие два вида дефиниции.

Но поврзаноста говори како против апсолутното спротивставување така и против апсолутното идентифицирање на реалната и номиналната дефиниција. Не би имало никаква смисла да се говори за два вида дефиниции ако не би се признала релативната самостојност на нивните предмети. Таа релативна самостојност доаѓа до израз во задачите на дефиницијата — дали првенствено се работи за познава-

телни (реална дефиниција) или јазични (номинална дефиниција) задачи. Секако не се исти задачите, на пример, на овие две дефиниции, кои навидум изгледаат исти: „Со зборот „подморница" означувам брод што може да плива под вода" и „Подморница е брод што може да плива под вода". Во првата на преден план се јазичните, а во втората познавателните задачи на дефиницијата.

## ЦИТИРАНА ЛИТЕРАТУРА


1. Aristotel, *Organon*, Beograd 1965.
2. Clark Romane and Welsh Paul, *Introduction to logic*, New York 1958.
3. Cohen Morris and Nagel Ernest, *And Introduction to Logic and scientific Method*, New York 1934.
4. Copi Irving, *Introduction to Logic*, New York 1958.
5. *Dictionary of Philosophy*, Etided by Runes, Iowa 1958.
6. Dubislaw Walter, *Die Definition*, Leipzig 1931.
7. Форгаши Бела, *Логика*, Москва 1959.
8. Горский Д. П., *Логика*, Москва 1958.
9. Hospers John, *An Introduction to philosophical Analysis*, 6 print. Engelwood Cliffs, 1958.
10. Hösler D-r Alois, *Grundleheren der Logik*, 6 Auflage, Leipzig 1919.
11. Kaminski Stanislaw, *Georgonne'a teoria definiciji*, Lublin 1958.
12. Külpe Oswald, *Vorlesungen über Logik*, Leipzig 1923.
13. Lalande, *Vocabulair technique et critique de la Philosophie*, 17 ed., Paris 1956.
14. Локсиј Н. О., *Логика* I, Београд 1927.
15. Lotze Herman, *Die Formen der Definition*, Leipzig.
16. Марковић д-р Благоје, *Логика*, Београд 1939.
17. Marković Mihailo, *Dejalektička teorija značenja*, Beograg 1961.
18. *John Stuart Mill's Philosophy of scientific Method*, New York 1950.
19. Ogden C. K. and Richadrs J. A., *The Meaning*, London 1956.
20. Pap Arthur, *Elements of Analytic Philosophy*, New York 1949.
21. Pap Arthur, *Semantics and Necessary Truth*, Baltimore 1958.
22. Петронијевић д-р Бранислав, *Основи логике*, Београд 1932.
23. Reichenbach Hans, *Elements of Symbolic Logic*, New York 1956.
24. Robinson Rchard, *Definition*, Oxford 1954.
25. Sesmat Augustain, Losique I, Paris 1950.
26. Sigwart d-r Christoph, I Bd., Tübingen 1911.
27. Stebing Susan, A. Modern Introduction to Logic, London 1953.
28. Строгович М. С., *Логика*, Москва, 1949.
29. Suszko Roman, *Z teorii definicji*, Poznan 1949.
30. Šešić d-r Bogdan, *Logika II*, Beograd 1959.
31. Whitehead A. N. ang Russel B., *Principia Mathematica*, vol. I, second edition, Cambridge 1957.
32. Karl Marx i Friedrih Engels, *Rani radovi*, Zagreb 1953.

*MITKO ILIEVSKI*

# KINDS OF DEFINITIONS ACCORDNIG TO THE SUBJEST OF DEFINITON

SUMMARY

This article analyses the kinds of definitions according to the subject of definition and their relatioins.

After the analysis of a number of so far sormulated principles in the division of definitions and according to that differentiating of definitions, this article presents the standpoint that the basinc principles of the division of the difinition are: 1) the subject of definition, and 2) the method od definition.

Critisizing the points of view which maintain that the subject of definition is either the thing (real definition) or the notion (conceptual definition) or the word (nominal definition), the author defends the thesis that thing, notion and word are bound together and is resolutely opposed to the three above stated separate definitions. From that viewpoint, as relatively independant kinds of definitions according to the subject of definition the real and the nominal definition are analyzed.

The analysis of the multiple meanings in which the term „real definition" has been used goes on to show that in would be most appropriate to understand the real definition as a judgement defining a notion (a conception of a given subject) with the help of other familiar notions.

According to this, the multiple meanings in which the term „nominal definition" ahs been used shows that the most acceptable are: 1). the explanation of the meaning of a given simbol used by a definite language community (lexical definiton), and 2). the introducing of a new meaning (stipulative definition).

In the conclusion a particular attention is paid to the relation of the real and nominal definitions. In opposition to the statements which place them one against the other, overrate or underrate them, the author defends the opinion that they are dialectically connected and transmutative on the basis of the unity of their subjects.